Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и (Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20), член 37-ѓ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19), член 22 став 1 точка 1 и член 23 од Законот за работните односи (Службен весник Република Македонија број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15,129/15, 27/16, 120/18) и (Службен весник на Република Северна Македонија број 110/19, 267/20), Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС** број 2/2021
за вработување на неопределено време на 2 (две) помошно технички лица,
група IV подгрупа 1 и 5, на следните работни места:

1. КДР0401А03004 Хигиеничар на службени простории, група за одржување на хигиена, Одд. за одржување на станични згради, Сектор за обезбедување и одржување на згради, 1 извршител(и)

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,

- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- најмалку ниво на квалификации Iили основно образование,
- со или без работно искуство во струката.

Распоред на работното време:
- работни денови понеделник –петок
- работни  часови 40,
- работно време од 08:00 до 16:00,

Паричен износ за нето плата: 16.134.00 денари.

Предвидените вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1.

2. КДР0405А03001 – Курир, Одделение за комуникации, Самостојни одделенија,
1 извршител(и)

Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- со најмалку ниво на квалификации  III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или тригодишно средно образование,
- со и без работно искуство во струката,

Распоред на работното време:
- работни денови понеделник - петок
- работни  часови 40,
- работно време од 08:00 до 16:00,

Паричен износ за нето плата: 16.134.00 денари

Предвидените вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1.

Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копии заверени на нотар.
Вработувањето ќе биде на неопределено време.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Рокот за пријавување на кандидатите 5 (пет) работни дена, од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат.
Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок од 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, во зависност од бројот на пристигнатите пријави.
Лице за контакт: Славица Поповска,
Контакт тел:02/2449-007.
Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за вработување со доставување на пријава за вработување со контакт податоци и документи / докази за исполнување на условите за вработување на адреса на Јавното претпријатие: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, ул. „Јордан Мијалков" бр. 50Б - 1000 Скопје или во Писарницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, со назнака „за јавен оглас за пријавување на кандидати за вработување".
(ПРИЈАВАТА МОЖЕ ДА СЕ ПРЕЗЕМЕ ОД WEB СТРАНАТА www.mzi.mk или пак од Писарницата на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје)
**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни податоци и изјава дадена под материјална и кривична одговорност со која кандидатот потврдува дека податоците од пријавата се точни, а доставените докази оригинал или верни на оригинал.**
Некомплетната и ненавремената документација нема да се земе во предвид при разгледувањето на пријавите.
Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција формирана од страна на Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и проверка на доставените докази.
По, завршување на постапката на селекција на кандидатите, за извршениот избор секој кандидат писмено ќе биде известен.

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје**